# Образец за јавен повик за сместувачки капацитети

Националната Асоцијација за дојдовен туризам - NAITM објавува јавен повик за учество на сместувачки капацитети во Македонија преку аплицирање за добивање на ваучери за дигитализација на работењето на сместувачките капацитети за 2026 година.

## 1. <u>Вредност на повикот и индивидуална вредност на ваучери</u>

Вкупната вредност на обезбедени средства за овој повик изнесува 15.000 ЕУР, обезбедени од Швајцарската Програма за зголемување на пазарната вработливост (ИМЕ)

Индивидуалната вредност на ваучерите се определува на следниот начин:

| Ваучерска линија | Вкупна вредност на ваучери | Износ на поединечен ваучер |
|---|---|---|
| Сместувачки капацитети категоризирани од Министерството за економија | 12.000 ЕУР | До EUR 1,000 |
| Помали сместувачки капацитети регистрирани во локална самоуправа, до 20 соби | 3.000 ЕУР | До EUR 300 |

**НАПОМЕНА:**

Кофинансирањето во рамки на програмата ќе се обезбедува според следните правила:

**1. Сместувачки капацитети категоризирани од Министерството за економија**

Сместувачките капацитети кои се категоризирани од Министерството за економија можат да добијат **кофинансирање до 50% од вкупната вредност на инвестицијата**, но **не повеќе од 1.000 евра** по корисник.

**2. Сместувачки капацитети од мал обем**

Сместувачките капацитети од мал обем, регистрирани во локалната самоуправа, можат да добијат **кофинансирање до 50% од вкупната вредност на инвестицијата**, но **не повеќе од 300 евра** по корисник.

**3. Учество на корисникот**

Секој корисник е должен да обезбеди **минимум 50% сопствено кофинансирање** од вкупната вредност на инвестицијата.

## 2. Кој може да аплицира / услови за учество

- Членки на NAITM со платена членарината за 2026 година (оние апликанти кои не се членки на NAITM, за да аплицираат треба да се зачленат преку понесување на Пријава за членство на следниот линк https://www.naitm.org.mk/mk/members/register)
- Апликантот мора активно да постои на пазарот најмалку 1 година, односно најмалку 1 година да издава сместувачки капацитети согласно позитивните прописи на РС Македонија.

- **Апликациите од Апликанти зачленети во НАИТМ сметано од денот на објава на Повикот се сметаат за уредни доколку е платена членарината за 2026.*

## 3. Цел на повикот / опис на очекувана дигитализација

**1. Воведување на нов ПМС (Property Management System)**

- **Воведување на нов хотелски ПМС систем за управување со сместувачкиот капацитет, кој вклучува Channel Manager и Booking Engine интегриран со Google Hotels.**
- Овој тип на поддршка е наменет за сместувачки капацитети кои немаат современ хотелски софтвер или користат застарени/неинтегрирани решенија.
  ПМС системот треба да овозможи дигитално управување со секојдневните хотелски операции, како што се:
  - управување со резервации,
  - расположливост на соби,
  - check-in и check-out,
  - евиденција на гости,

- фактурирање и извештаи,
- следење на работењето.

Во рамки на овој тип на поддршка, ПМС системот треба да содржи и:

- **Channel Manager** – за автоматско управување со цените и расположливоста на повеќе продажни канали,
- **Booking Engine** – за директни онлајн резервации преку веб-страницата на објектот,
- **интеграција со Google Hotels** – за поголема онлајн видливост и можност за директно прикажување на цените и понудата на Google.

**Очекувани придобивки:**
подобрување на оперативната ефикасност, намалување на рачната работа и зголемување на директната и онлајн продажбата.

**2. Воведување на Channel Manager**

- **Воведување на Channel Manager за автоматизирано управување со продажните канали и синхронизација на цените и расположливоста.**
- Овој тип на поддршка е наменет за сместувачки капацитети кои веќе имаат основен систем за работа, но немаат решение за централизирано и автоматско управување со продажбата преку различни онлајн канали.

Channel Manager овозможува:

- поврзување со повеќе продажни канали и OTA платформи,
- автоматско ажурирање на цени, достапност и рестрикции,
- намалување на ризикот од overbooking,
- побрза и поефикасна продажба на собите,
- подобра контрола на дистрибуцијата.

**Очекувани придобивки:**
подобрување на онлајн продажбата, намалување на грешките при управување со расположливоста и зголемување на ефикасноста во дистрибуцијата.

**3. Воведување на Booking Engine интегриран со Google Hotels**

- **Воведување на Booking Engine за директни онлајн резервации, интегриран со Google Hotels.**
- Овој тип на поддршка е наменет за сместувачки капацитети кои сакаат да ја зголемат директната продажба преку сопствената веб-страница и да ја намалат зависноста од посредници и провизии.

Booking Engine овозможува:

- директни онлајн резервации преку веб-страницата на објектот,
- автоматска потврда на резервации,
- подобро корисничко искуство за гостите,
- директна продажба без посредници,
- интеграција со **Google Hotels**, со што цените и понудата на објектот стануваат повидливи за потенцијалните гости при пребарување на Google.

**Очекувани придобивки:**
зголемување на директните резервации, подобрување на онлајн присуството и намалување на трошоците за посредничка продажба.

**4. Надградба на постоечките и воведување на нови решенија и програми неопходни за воведување на решенијата што се опишани погоре согласно целта на овој повик**

**НАПОМЕНА:**
Ваучер се доделува само за нови инвестиции во опишаните дигитализации, а не и за обнова на годишни претплати или членарини за предложените решенија.

## 4. <u>Документи што се доставуваат</u>

- Пополнет апликациски формулар за сместувачки капацитет
- Доказ за регистрација / лиценца / локална регистрација каде што е применливо
- Кратко образложение за потребата и намената на ваучерот и очекувана корист
- Потпишана изјава / обврска од Апликантот дека:
  1. податоците наведени во апликацијата се точни и целосни;
  2. се согласува да достави дополнителни документи ако тоа го побара NAITM;
  3. разбира дека NAITM може да ги промени износите на ваучерите или да примени рангирање ако бројот на апликации е поголем од планираниот број ваучери;
  4. доколку биде избран, ќе соработува при проверка на имплементацијата и обуката од страна на NAITM.
  5. број на вработени лица кои се обучени или се планира да се обучат при имплементирање на системите

6. ќе склучи договор со NAITM за начинот на користење на средствата од Ваучерот и услови за поврат на средства доколку се користат спротивно на намената.

## 5. Начин на избор

- Начинот на избор за овој повик е по принципот прв поднел - прв услужен.

Пристигнатите апликации ќе се разгледуваат административно од страна на Комисија на NAITM, која ќе биде составена од еден внатрешен член и двајца надворешни членови.

## 5. Права што ги задржува NAITM

- NAITM може да ги промени износите на ваучерите.
- NAITM може пропорционално да ги намали износите на ваучерите ако тоа е потребно.
- NAITM може да побара дополнителни информации или документи.
- NAITM може да одбие нецелосни или неподобни апликации.

Со доставувањето на Апликација, сместувачките капацитети кои учествуваат на повикот разбираат и прифаќаат дека треба да одберат решение од ИТ компании одобрени од NAITM во рамките на ваучерската програма и дека цената на решението за дигитализација на сместувачки капацитети е поставена и зависи од ИТ компаниите кои учествуваат на повикот, и дека ќе биде платена од страна на компаниите сопственици на сместувачките капацитети кои ќе се јават како купувачи на решението и ќе склучат договори. Капацитетите за сместување кои ќе добијат Ваучер од страна на NAITM ја плаќаат цената во целоста, а NAITM го известува партнерот/донатор за висината на Ваучерот кој треба да се исплати на сместувачкиот капацитет кој добил ваучер.

За обезбедување на ваучер со висина од 50% поврат на средствата како што е пропишано во точка 1 од овој повик, сместувачкиот капацитет ќе биде потребно да достави до NAITM:

- Тековна од компанија/копија од регистрација во општина за сметувачки капацитет од мал обем
- Исплата од компанијата за ИТ решението
- Потпишана изјава за NAITM на денот на извршена техничка контрола од страна на NAITM дека е извршна проверка и дека ИТ решението е целосно имплементирано и функционално

Сите останати права, обврски, гаранции, договори или рекламации се на релација ИТ компанија купувач на решение, без никаква одговорност или обврска за NAITM.

## 6. Рок и начин на поднесување

**Краен рок:** 15.06.2026, 17:00 часот.

**Е-пошта / платформа за поднесување:**
info@naitm.org.mk

**Прашања и контакт лице:**
Драгана Панкова, Оперативен Директор на NAITM
+389 71 318 205